МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ИНФОРМАТОР # 22

март 2014

## Платинеста диплома за посебен придонес во развојот на екологијата како наука во земјата и регионот за професорот Љупчо Групче

Признанието на почесниот член на МЕД, проф. Групче му е доделено за време на свеченоста по повод одбележувањето на 65 години од постоењето на Српското биолошко друштво како и 65 години од излегувањето на меѓународното списание „Архив на биолошките науки“ на 22 јануари оваа година во Белград.

Платинестата диплома која се доделува како признание за посебен придонес во развојот на екологијата како наука во земјата и регионот. Свечениот настан, беше прилика професорот да се запознае со заменик министерот за образование, наука и технологија, како и од директорот на Институтот за биолошки истражувања „Д-р Синиша Станковиќ“.

На свеченото собрание беше даден и осврт на развојот на списанието „Архив на биолошките науки“ кое се наоѓа во научните институции на сите пет континенти. Денес се печати на високо техничко ниво и се издава на англиски јазик. За неговиот квалитет списанието има и импакт фактор.




Годишно собрание на МЕД стр. 2

Поврзување на луѓето со природата (2) ... стр. 2

Одбележување на Светскиот ден на водните живеалишта стр. 3

На повидок прекугранична стратегија за Преспа стр. 3

ПролеттаДоаѓа 2014-та стр. 4

Еколошки тренинг камп во Дојран стр. 5

Рисовите не сакаат да се сликаат... стр. 6

Одложен мониторингот на рисот во НП Маврово стр. 6

Соодветна заштита на природните ресурси на Јабланица! стр. 7

Биолошка разновидност на шарпланинецот... стр. 8

Благодарност за донација! стр. 8

## Годишно собрание на МЕД

На 22 февруари 2014 година, се одржа Годишното собрание на Друштвото. Беа презентирани и усвоени извештајот за работата на Друштвото за минатата година, финансискиот извештај како и Програмата за работа на Друштвото за 2014 година. На Собранието се донесе одлука, Друштвото во текот на 2014-та година да се насочи кон организирање научни трибини од областа на животната средина. Трибините ќе се организираат со поддршка на стручно-научната фела и институциите од соодветната област, со претходна навремена најава и промоција во јавните медиуми. Членството одлучи од овие научни средби да се подготви документ во кој ќе бидат наведени најприоритетните проблеми со животната средина во земјава.




## Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија

Македонското еколошко друштво во соработка со Plantlife International, од Велика Британија започна со реализација на ИПА проект со наслов „Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија“. Главната цел на проектот е вклучување на македонските граѓани како волонтери за заштита на природата како и превземање акции кои би придонеле кон имплементација на ЕУ регулативите за зачувување на мрежата Натура 2000.

Воведниот состанок одржан во Скопје на 10-11 март беше можност за запознавање на партнерите со проектот воопшто и со предвидените детални активности. Дополнително беше одржана и работилница за техниките за работење со волонтерите (регрутурање и задржување), подобрување на комуникацијата и сподслување на идеи за настани и активности.

Средбата беше искористена и за меѓусебно запознавање на сите учесници од партнерските организации. Проектот ќе се спроведува до август 2015 година со активности во подрачјата: Осогово, Шар Планина, Илинска-Плакенска Планина и НП Пелистер.

*Проектот е финансиран од Европската Унија – EuropeAid и кофинансиран од PlantLife.*



Контакт: Наталија Меловска
*angelova@mes.org.mk*

# ИНФОРМАТОР # 22

## Одбележување на Светскиот ден на водните живеалишта - 2 февруари!



МЕД, како дел од постоечката ПреспаНет заедно со друштвото за заштита на Преспа - СПП и друштвото за заштита и зачувување на природната средина на Албанија -ППНЕА, во соработка со невладина организација за животна средина и здравје и со регионалната служба за едукација од Корча, и оваа година се вклучи во одбележувањето на Светскиот ден на водните живеалишта. За оваа цел секоја година се одбираат теми кои се однесуваат на значајни еколошки аспекти за трите држави. Во дел од медиумите во овие земји беше претставена ПреспаНет со преглед на состојбата и развојот на регионот и значењето на неговите водни површини, а во рамки на одбележувањето на Денот на водните живеалишта беа спроведени дополнителни едукативни активности за децата од основните училишта од трите држави во Преспанскиот регион.

Целта на овие активности беше да се прикажат односите помеѓу земјоделството и водните живеалишта, како примарна активност во Преспа, со одделни специфичности за трите држави кои го делат овој екосистем. Спроведувањето на едукативните активности беа дел на тековен проект на СПП и ги вклучи децата од основното училиште во Агиос Германос во Грција и две основни училишта од Ресен.

Децата преку игра и загатки се потсетија а делумно и воведоа во основите и односите помеѓу земјоделците и природата, односно ги продлабочија знаењата за целиот пограничен регион, го согледаа влијанието кое човечките активности го имаат врз животната средина, но истовремено и се запознаа со извонредното еколошко значење на водните живеалишта за активностите во примарниот сектор.

За сите учесници беа предвидени дипломи, а најсреќните добија и симболични награди кои искрено се надеваме, дека само ќе придонесат кон зголемување на нивниот интерес за заштита и одржување на целиот регион.



## На повидок прекугранична стратегија за Преспа!

Во рамките на координативниот состанок на ПреспаНет, кој се одржа на 8 и 9 март во Зрноско, Албанија, се поставија основи за креирање прекугранична стратегија за идното делување во прекуграничниот преспански регион. Овој документ, не само што ќе ја регулира заедничката работа на мрежата, туку и точно ќе ја насочи кон главните цели за исполнување на зацртаната визија на мрежата за унапредување на природните вредности на преспанскиот регион, неговите биодиверзитет и население, преку заеднички меѓугранични активности. Согласно договорот на членовите на мрежата, првата верзија на овој стратешки документ со акциски план и временска рамка, ќе биде изработена до крајот на 2014 година. Следната средба на членовите ќе се реализира во април, во македонскиот дел од преспанскиот регион.

Контакт: Светлана Пејовиќ
*arsovska@mes.org.mk*

# ПролеттаДоаѓа 2014-та!




BirdLife и неговите педесет земји партнери со гордост го најавуваат почетокот на кампањата ПролеттаДоаѓа 2014! Веќе пет години во Македонија и девет низ Европа и Африка оваа кампања ги зближува децата, нивните наставници и семејства со пет птици преселници: селските ластовици, пиштарките, штркот, кукавицата и пчеларката.

Целта на ПролеттаДоаѓа е да се направи интерактивна карта на која преку податоците од сите земји учеснички ќе може да се следи пристигањето на пролетта. Иако ова е главната цел, преку оваа кампања ние организираме активности на отворено за децата кои сакаат да дознаат повеќе информации за животот на преселните птици како и за начините на кои тие можат да им помогнат.

Минатата година ПролеттаДоаѓа ги урна сите рекорди – за време на кампањата беа пријавени 286.000 птици, а активно учествуваа над 54.000 деца, 900 наставници и 500 волонтери од 49 земји!

Оваа година кампањата во Македонија започна на првиот ден на пролетта со активности во Скопје и Богданци. Во Скопје кампањата започна со вклучување во прославата на основното училиште „Браќа Миладиновци“ каде учениците од еко-секцијата учествуваа во мал ликовен натпревар на тема преселни птици. Кампањата во Богданци беше спроведена во основното училиште и градинката од страна на волонтери од Средното општинско училиште „Богданци“ – Вања Петрушева и Марија Бојкова.

„Највозбудливиот дел од оваа кампања ќе биде во септември кога децата од Европа и Африка на ист ден ќе можат да ја следат преселбата. Тогаш птиците ќе заминуваат од Македонија и ќе пристигнуваат во Африка. Ист ден ќе можеме да им се радуваме на истите птици на два различни континенти“ – изјави Кирил Арсовски, национален координатор за Македонија.

Контакт: Кирил Арсовски
*kirilwasp@yahoo.com*





## Еколошки тренинг камп во Дојран

Четиридневен еколошки тренинг камп за средношколци беше првата поголема активност реализирана во рамките на проектот „Едукација и јакнење на капацитетите за заштита на Дојранското Езеро, приоритетно клучно подрачје за биолошка разновидност". Кампот беше одржан од 15 до 18 јануари во Стар Дојран со ученици од населените места во близина на езерото.

Учениците беа запознаени со најновите текови во полето на конзервациската биологија и екологија од страна искусниот тим на МЕД. Посебен фокус беше ставен на принципите за мониторинг како и истражувачките методи за конзервациски активности. Исто така, учениците имаа прилика да се запознаат со можностите да бидат лидери во заштитата на животната средина и да дебатираат и аргументираат со научни факти.

Трите дена поминати на истражувачки терен беа можност за учениците практично да ги применат вештините со кои беа запознаени. Една од највозбудливите можности за учениците беше учеството во меѓународниот цензус на водни птици кој се одвиваше истовремено низ цела Европа.

-„Научив многу за животните во мојот регион и така уште повеќе ги засакав. Најдобриот дел од кампот беше теренската работа: идентификацијата и броењето на птици на езерото, следењето на трагите на цицачите и поставувањето на фото замките. Беше многу возбудливо!", изјави Ивана Дончевска, учесничка во кампот.

Според Ксенија Путилин, член на МЕД, зимскиот камп претставува одлична можност за едукација на учениците од регионот и охрабрување тие да размислуваат и делуваат како заштитници на Дојранското Езеро.

-„Искрено се надевам дека и летниот камп ќе биде успешен како овој и дека учениците повторно ќе бидат задоволни", вели Путилин.

Дојранското Езеро е прогласено за заштитено подрачје во категорија III (Споменик на природата) и едно од приоритетните клучни подрачја за биолошка разновидност во Медитеранската „жешка точка" за биолошката разновидност, а од 2011 година, управувањето со ова заштитено подрачје е доделено на општина Дојран.



Контакт: Ксенија Путилин
*putilin@mes.org.mk*

# Рисовите сезонава не сакаат да се сликаат, а вешто ги избегнуваат и кафез-замките



Во заштитеното подрачје Јасен и покрај поставените 20 фото замки на различни локации, досега не е регистрирано присуство на рис. Добиените слики од оваа сесија укажуваат на присуство на скоро сите крупни цицачи во ова заштитено подрачје.

На Стогово и Караорман во соработка со ловните друштва Душегубица од Кичево и Питон од Охрид и покрај поставените кафез-замки, досега не е заловен рис за проучување на неговата екологија. Во замките беше заловен еден јазовец, две кучиња и една дива мачка. Животните набрзо беа пуштени на слобода.

И на Осогово сеуште не е евидентирано присуство на рис. На Осоговските Планини продолжува сесијата на фото замки која започна пролетта 2013 година. Главната цел е да се утврди евентуално преминување на единки од рис, чие присуство е евидентирано на оваа планина но од страна на бугарските колеги. Освен присуството на рис, на Осогово се истражува и присуството на другите крупни цицачи.

Во соработка со Националниот парк Пелистер годинава започна сесија на фото замки и досега беа поставени 25 фото замки во и околу паркот. На планината Баба иако во септември 2013 година, ренџерите од паркот успеаја да сликаат рис, во рамки на првата контрола од МЕД нема позитивни резултати за неговото присуство. Се надеваме дека до крајот на оваа сезона ќе успееме да сликаме или заловиме барем еден рис!

FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY

BULGARIAN BIODIVERSITY FOUNDATION

JACEH

KORA

# Одложен мониторингот на рисот во најзначајното подрачје за опстанокот на рисот во Македонија – НП Маврово

Сесијата на заловување на рис во националниот парк Маврово е целосно одложена поради спречување на истражувањата во Паркот по наредба изречена од директорот Онер Јакупоски. За жал, овогодинешните истражувања запреа и покрај напорите на МЕД за подобрување на соработката со Паркот и изготовката на заеднички Акционен план за мониторинг на рис.

Според тимот на Програмата за заштита на балканскиот рис ова пред сè значи и одложување на мониторингот во Паркот што придонесува кон попречување на континуираното прибирање податоци од досега најзначајното подрачје во регионот за опстанокот на балканскиот рис.

Сепак во рамките на оваа програма, борбата за заштита на балканскиот рис продолжува и понатаму и во другите заштитени или предлог-заштитени подрачја во Македонија.

# ИНФОРМАТОР # 22

## Локалното население од Струга и Вевчани бара соодветна заштита на природните ресурси на Јабланица!




Учесниците на првата тематска работилница „Традиционално користење на природните ресурси, одржливо наспроти неодржливо користење на ресурсите“ којашто се одржа на 1 февруари во Струга во организација на МЕД , порачаа дека е потребна поголема грижа за природните ресурси на Јабланица.

Целта на работилницата беше да се потсети на традиционалните практики и грижата кон ресурсите што постоела во минатото, но и истовремено да се истакнат проблемите и последиците коишто настануваат поради прекумерно или нестручно користење на ресурсите.

- Во излагањата видовме дека порано луѓето бидејќи нивниот зависел од природата и ресурсите, имале многу успешен начин и строги правила за тоа како да се користи природата.

Денеска живееме во едно поинакво време во кое има одговорни институции кои стопанисуваат со ресурсите, но и покрај сите законски регулативи, имаме случаи на илегален лов, прекумерна сеча, неправилно собирање билки и печурки и тоа води кон последици и исчезување на одреден вид, смета раководителот на проектот „Подобрување на прекуграничната соработка и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“, Пандурска-Драмиќанин.

На оваа работилница учествуваа претставници на локалната власт од Струга и Вевчани, од ловни друштва, од Јавното претпријатие „Македонски шуми“, еколози, планинарски друштва и невладини организации кои работат на полето на заштитата на природата.

**Контакт: Фросина Пандурска Драмиќанин**
*pandurska@mes.org.mk*

*Проектот „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“ е финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија на Европската Унија.*

# Проект „Карактеризација на биолошка разновидност на шарпланинецот, негова дисперзија и реинтродукција во рурални подрачја и одгледувачи на расата“

Во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на 30 јануари 2014 година, се одржа втората работилница на којашто беа претставени добиените резултати од ДНК анализата на собраниот биолошки материјл (земен од типичните претставници на расата), спроведена на ветеринарниот факултет во Љубљана.

На работилницата учествуваа претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставник од Програмата за мали грантови на ГЕФ Македонија, универзитетски професори, студенти, претставници од Јавното Претпријатие за стопанисување со пасишта, невладини организации и одгледувачи на шарпланинци. Во рамките на работилницата се спроведе и кратка обука на идните одгледувачи на расата за репродуктивниот циклус на кучето и справување со надворешните и внатрешните паразити.

*Проектот финансиски е поддржан од Програмата за мали грантови на ГЕФ Македонија и Фондацијата Институт отворено општество-Македонија, во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна и ќе заврши во мај 2014 година.*

Контакт: Александра Тодоровска Апостолова
*todorovska@mes.org.mk*



**_Благодарност за донација!_**

*Македонското еколошко друштво изразува голема благодарност до Проф. Бен Китинг за личната донација. Вашата поддршка ни значи многу и веруваме дека заедно ќе постигнеме повеќе!*

